**С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К**
**НА ОПШТИНА КРУШЕВО**
**23.08.2018 год.** **Бр.XII**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на актите донесени на 18-та седница***
***на Советот на Општина Крушево***
***одржана на ден 23.08.2018 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 18-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 22.08.2018 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр. 09-918/1 од 23.08.2018 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 135 од Законот за Основно образование ("Сл.весник на Р.М." бр.103/08; 33/10; 116/10; 156/10; 18/11; 51/11; 6/12; 100/12; 24/13; 41/14; 116/14; 135/14; 10/15; 98/15; 145/15; 30/16 и 127/16), член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/14), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на ВД Директор на ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево**

1. СЕ ИМЕНУВА **СЛАВИЦА НИКОЛОСКА** од Крушево ул"Киро Фетак" бр.22, дипломиран професор по одделенска настава, за ВД Директор на ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево.

2. ВД Директорот ќе ја извршува функцијата до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на именувањето.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

4. Примерок од ова Решение да се достави до именуваниот, ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево и Архива на Општина Крушево.

О б р а з л о ж е н и е

На ВД Директорот на ООУ „Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Васна Конеска му истече мандатот за кој беше иманувана.

Градоначалникот на Општина Крушево согласно одредбите од Законот за Основно образование, односно член 135 од истиот закон, изврши именување на ВД Директор на ООУ од редот на вработените во училиштето. Во рок од 5 дена од денот на именувањето, ќе донесе одлука УО да објави оглас за избор на директор.

Именуваната Славица Николоска, е од редот на вработените во училиштето и функцијата ВД Директор ќе ја извршува до изборот на нов директор, но не подолго од 6 (шест) месеци од денот на нејзиното именување.

Поради горе наведеното Градоначалникот на Општина Крушево се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на истото до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Бр.04-674/2 од 11.06.2018 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 и 16 и член 63 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на Р.М." бр.5/2002), член 19 а. став 5 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.Весник на Р.М." бр.38/96; 6/02; 40/03;

49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15; 39/16 и 64/18), и член 62 став 1 точка 9 и 16 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 14/16), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на ВД директор на ЈП „Комуна" Крушево**

1. За ВД директор на ЈП „Комуна" Крушево, СЕ ИМЕНУВА НАУМ ИЛИЕСКИ од Крушево, ул."Партизанска" бр.41б, дипломиран Економист.

2. ВД директорот ќе ја извршува функцијата до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од 6 (шест) месеци, започнувајќи од 07.06.2018 година.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

4. Примерок од ова Решение да се достави до именуваниот, ЈП „Комуна" Крушево и Архива на Општина Крушево.

О б р а з л о ж е н и е

Заради истек на мандатот на ВД директорот, а затоа што не е спроведена постапка за избор на директор, Градоначалникот на Општина Крушево именува вршител на должноста директор до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од 6 (шест) месеци.

Согласно член 19а. став 5 од Законот за јавните претпријатија, Градоначалникот на Општина Крушево се реши како во диспозитивот.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на истото до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Бр.09-671/1 од 08.06.2018 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 93в. од Законот за средното образование ("Сл.весник на Р.М." бр.44/95; 24/96; 34/96; 35/97; 82/99; 29/02; 40/03; 42/03; 67/04; 55/05; 113/05; 35/06; 30/07; 49/07; 81/08; 92/08; 33/10; 116/10; 156/10; 18/11; 42/11; 51/11; 6/12; 100/12; 24/13; 41/14; 116/14; 135/14; 10/15; 98/15; 145/15; 30/16; 127/16 и 67/17), член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/14), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на ВД Директор на СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево**

1. **СНЕЖАНА МИЛЕНКОВСКА** од Крушево ул."Благо Целев" бр.13, професор по географија, вработена во СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево СЕ ИМЕНУВА за ВД Директор на СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево.

2. ВД Директорот на СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево, кој ќе ги врши работите до избор на нов директор, но не подолго од 6 (шест) месеци од денот на неговото именување.

3. Градоначалникот на Општина Крушево ќе донесе Одлука Училишниот одбор да распише јавен оглас за избор на директор.

4.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

5. Примерок од ова Решение да се достави до именуваниот, СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево и Архива на Општина Крушево.

О б р а з л о ж е н и е

Заради истек на мандатот на ВД Директорот, а затоа што не е спроведена постапка за избор на директор, Градоначалникот на Општина Крушево именува ВД Директор до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од 6 (шест) месеци, согласно член 93в. од Законот за средното образование.

Градоначалникот на Општина Крушево согласно горе наведеното и одредбите од Законот за Средно образование се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на истото до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Бр.09-683/1 од 13.06.2018 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа на Република Македонија ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 34 и 38 од Законот за културата ("Сл.весник на Р.М." бр.31/98; 49/03; 82/05; 24/07; 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), член 62 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/14), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на ВД директор на Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" Крушево**

1. МИРЈАНА ПРОЕСКА, од Крушево ул."Мише Ефтим" бр.62, СЕ ИМЕНУВА за ВД Директор на Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" Крушево од редот на вработените.
2. ВД директорот ќе ја извршува функцијата до избор на директор, но не подолго од 6 (шест) месеци.
3. ВД Директорот ги има сите права и обврски на директор на Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" Крушево.
4. Општина Крушево, веднаш по именувањето ВД Директор ќе распише конкурс за директор.
5. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.
6. Примерок од ова Решение да се достави до именуваниот, Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" Крушево и Архива на Општина Крушево.

О б р а з л о ж е н и е

На ВД Директорот на Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" Крушево, Пандора Стеваноска и престана мандатот на нејзино барање. Согласно член 34 од Законот за културата, Градоначалникот на Општина Крушево веднаш именува ВД директор, без конкурс, од редот на вработените.

ВД директорот ги има сите права и обврски на директор на Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" Крушево.

ВД директор се именува за време до изборот на директор, а најдолго за 6 (шест) месеци.

Врз основа на горе наведеното, Градоначалникот реши како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 8 (осум) од дена од приемот на истото.

**Бр.09-680/5 од 10.07.2018 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 128 став 6, член 132 став 1, 12 и 14 од Законот за Основно образование ("Сл.весник на Р.М." бр. 103/08; 33/10; 116/10; 156/10; 18/11; 51/11; 6/12; 100/12; 24/13; 41/14; 116/14; 135/14; 10/15; 98/15; 145/15; 30/16; 127/16; 67/17 и 64/18), член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на Директор на ООУ "Никола Карев" Крушево**

**1. СЕ ИЗБИРА** Оливера Чавкароска од Крушево, ул."Манчу Матак" бр.4, дипломиран професор по одделенска настава, за директор на ООУ "Никола Карев" Крушево.

2. Мандатот на директорот трае 4 (четири) години.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

4. Примерок од ова Решение да се достави до избраниот директор, ООУ "Никола Карев" Крушево и Архива на Општина Крушево.

О б р а з л о ж е н и е

Градоначалникот на Општина Крушево согласно одредбите од Законот за основно образование, донесе Одлука за објавување на

Јавен оглас за директор на ООУ “Никола Карев” Крушево, бр.09-912/1 од 31.10.2017 година.

Училишниот одбор на ООУ “Никола Карев” Крушево објави Јавен оглас, спроведе постапка за избор на директор и до Градоначалникот на Општина Крушево достави предлог за кандидат за избор на директор бр.02-267/4 од 09.08.2018 година.

Поради горе наведеното Градоначалникот на Општина Крушево се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на истото до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Бр.09-890/3 од 13.08.2018 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 и 16 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на Р.М.” бр.5/2002), член 123 став 10 од Законот за заштита на децата (“Сл.Весник на Р.М.” бр.23/2013,12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017 и 21/2018 ) и член 62 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/2014), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на Директор во**
**Детска градинка “Гонча Туфа” Крушево**

1. **МЕРИ ХРИСТОСКА** од Крушево, ул.„Манчу Матак„бр.22 , дипломиран економист се избира за **Директор на Детската градинка “Гонча Туфа” Крушево.**

2. Мандатот на Директорот трае 4 (четири) години.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

4. Примерок од Решението да се достави до именуваната, Детската градинка “Гонча Туфа” Крушево и Архивата на Општина Крушево.

***О б р а з л о ж е н и е***

Врз основа на Одлуката за објавување на Јавен оглас бр.09-875/1 од 08.08.2018 година донесена од Градоначалникот на Општина Крушево во Детската градинка “Гонча Туфа” Крушево, беше објавен Јавен оглас во дневниот весник Нова Македонија на 14.08.2018 година.

Управниот одбор на Детската градинка по спроведената постапка за избор на директор, на Градоначалникот на Општина Крушево му предложи кандидат за избор на директор со Одлука бр.02-116/4 од 21.08.2018 година.

Врз основа на горе наведеното Градоначалникот на Општина Крушево се реши како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба во рок од 8 (осум ) дена од приемот до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Бр.09-875/3 од 23.08.2018 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр. бр.1/2007 и 16/2014) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 18-та седница, одржана на 22.08.2018 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 15-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 24.07.2018 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-896/3 од 22.08.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр. бр.1/2007 и 16/2014) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 18-та седница, одржана на 22.08.2018 година го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 16-та вонредна седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 24.07.2018 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-896/4 од 22.08.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр. бр.1/2007 и 16/2014) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 18-та седница, одржана на 22.08.2018 година го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 17-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 03.08.2018 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-896/5 од 22.08.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 18 став 1 точка 4 и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 22.08.2018 година, донесе:

## О Д Л У К А
***за утврдување на приоритет за реконструкција и доградба на локален пат с.Саждево, с.Јакреново, с.Борино, Општина Крушево***

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат приоритет за реконструкција и доградба на локален пат с.Саждево, с.Јакреново, с.Борино, Општина Крушево.

**Член 2**

Општина Крушево ја утврдува како приоритет реконструкцијата и доградбата на локален пат с.Саждево, с.Јакреново, с.Борино, Општина Крушево, за да може да се аплицира во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, а во врска со Повикот за користење на средства од програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година, за мерка 321.

**Член 3**

Реализацијата на овој Проект ќе се врши преку Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Буџетот на Општина Крушево.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен Гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-896/6 од 22.08.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 18 став 1 точка 4 и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 22.08.2018 година, донесе:

## О Д Л У К А
***за утврдување на приоритет за изградба и уредување на патна инфраструктура со пропратни содржини во локалитетот Крушевско езеро***

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува приоритет за изградба и уредување на патна инфраструктура со пропратни содржини во локалитетот Крушевско езеро.

**Член 2**

Општина Крушево ја утврдува како приоритет изградбата и уредувањето на патна инфраструктура со пропратни содржини во локалитетот Крушевско езеро, за да може да се аплицира во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој на Р.Македонија, а во врска со Повикот за користење на средства од програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година, за мерка 323.

**Член 3**

Реализацијата на овој Проект ќе се врши преку Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Буџетот на Општина Крушево.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен Гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-896/7 од 22.08.2018 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 18 став 1 точка 1 и член 21 став 1 точка 7, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 22.08.2018 година, донесе:

## О Д Л У К А

***за утврдување на приоритет за изработка на урбанистички планови за населени места во рурални средини: с.Јакреново, с.Норово, с.Борино, с.Алданци, с.Врбоец, с.Свето Митрани, с.Пресил и с.Саждево***

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат приоритет за изработка на урбанистички планови за населени места во рурални средини: с.Јакреново, с.Норово, с.Борино, с.Алданци, с.Врбоец, с.Свето Митрани, с.Пресил и с.Саждево.

**Член 2**

Општина Крушево ја утврдува како приоритет изработката на урбанистички планови за населени места во рурални средини: с.Јакреново, с.Норово, с.Борино, с.Алданци, с.Врбоец, с.Свето Митрани, с.Пресил и с.Саждево, за да може да се аплицира во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, а во врска со Повикот за користење на средства од програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година, за мерка 322.

**Член 3**

Реализацијата на овој Проект ќе се врши преку Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Буџетот на Општина Крушево.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен Гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-896/8 од 22.08.2018 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 18 став 1 точка 4 и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 22.08.2018 година, ја донесе следната:

## *С О Г Л А С Н О С Т*

***за намена на обезбедени средства***

1. Советот на Општина Крушево дава Согласност дека средствата од Буџетот на Општина Крушево се обезбедени и ќе се користат за реконструкција и доградба на локален пат с.Саждево, с.Јакреново, с.Борино, Општина Крушево, согласно развојните програми на Општина Крушево.

2. Оваа согласност влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-896/9 од 22.08.2018 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 22.08.2018 година, ја донесе следната:

***С О Г Л А С Н О С Т***
***за намена на обезбедени средства***

1. Советот на Општина Крушево дава Согласност дека средствата од Буџетот на Општина Крушево се обезбедени и ќе се користат за реализација за изградба и уредување на патна инфраструктура со пропратни содржини во локалитетот Крушевско езеро, согласно развојните програми на Општина Крушево.

2. Оваа согласност влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Крушево.
**Бр.08-896/10 од 22.08.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 18 став 1 точка 1 и член 21 став 1 точка 7, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 22.08.2018 година, донесе:

***С О Г Л А С Н О С Т***
***за намена на обезбедени средства***

1. Советот на Општина Крушево дава Согласност дека средствата од Буџетот на Општина Крушево се обезбедени и ќе се користат за реализација за изработка на урбанистички планови за населени места во рурални средини: с.Јакреново, с.Норово, с.Борино, с.Алданци, с.Врбоец, с.Свето Митрани, с.Пресил и с.Саждево, согласно развојните програми на Општина Крушево.

2. Оваа согласност влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Крушево.
**Бр.08-896/11 од 22.08.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 32 став 2 од Законот за финансирање на Единиците на локална самоуправа ("Сл.весник на РМ." бр.61/2004; 96/2004; 67/07; 156/09; 47/11 и 192/15) и член 21 став 1 точка 4 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 22.08.2018 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2018 год. до 30.06.2018 год.***

1. **СЕ УСВОЈУВА** кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2018 год. до 30.06.2018 год.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.08-896/12 од 22.08.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 20б. став 1 алинеја 3 и став 2 од истиот член од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на Р.М." бр.27/14; 199/14; 27/16 35/18) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/14 ), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 22.08.2018 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на дополнувањето на годишниот план за вработување на Општина Крушево за 2018 година**

1. Советот на Општина Крушево дава Согласност на дополнувањето на годишниот план за вработување на Општина Крушево за 2018 година бр.03-542/1 од 03.05.2018 година за кој има добиено позитивно мислење од МИОА бр.3508/2 од 22.05.2018 година.

2. Во годишниот план за вработување на Општина Крушево за 2018 година се врши дополнување во дел 3. Планирани нови вработувања, во табела 6 планирано пополнување на работни места преку нови вработувања, се менува вкупниот број на нови вработувања. Наместо 5 треба да стои 7.

Дополнувањето се врши со реден број 6 командир на одделение во ТППЕ-Крушево со шифра ПОЖ 02 10 Б04 000, заради смрт на вработениот и реден број 7 возач II со шифра

УПР 04 03 А02 001, заради непланирано испразнување на работното место.

3. Овај заклучок влегува во сила со денот на објавување на Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-896/13 од 22.08.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре.бр. стр.
1.Заклучок за објавување на актите донесени на 18-та седница на Советот на Општина Крушево ........................................................ 1
2. Решение за именување на ВД Директор на ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево ........................................................ 1
3. Решение за именување на ВД директор на ЈП „Комуна" Крушево .................................. 2
4. Решение за именување на ВД Директор на СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево .... 2
5. Решение за именување на ВД директор на Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" Крушево ……………………………………….. 3
6. Решение за избор на Директор на ООУ "Никола Карев" Крушево .............................. 3
7. Решение за избор на Директор во Детска градинка "Гонча Туфа" Крушево ................ 4
8. Заклучок за усвојување на записникот од 15-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 24.07.2018 година ……………..... 4
9. Заклучок за усвојување на записникот од 16-та вонредна седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 24.07.2018 година ….. 5
10. Заклучок за усвојување на записникот од 17-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 03.08.2018 година …….5
11. Одлука за утврдување на приоритет за реконструкција и доградба на локален пат с.Саждево, с.Јакреново, с.Борино, Општина Крушево ………………………………………….5
12. Одлука за утврдување на приоритет за изградба и уредување на патна инфраструктура со пропратни содржини во локалитетот Крушевско Езеро ……………….5
13. Одлука за утврдување на приоритет за изработка на урбанистички планови за населени места во рурални средини: с.Јакреново, с.Норово, с.Борино, с.Алданци, с.Врбоец, с.Светот Митрани, с.Пресил и с.Саждево ……………………………………… 6
14. Согласност за намена на обезбедени средства за реконструкција и доградба на локален пат с.Саждево, с.Јакреново, с.Борино, Општина Крушево …………………………… 6
15. Согласност за намена на обезбедени средства изградба и уредување на патна инфраструктура со пропратни содржини во локалитетот Крушевско Езеро ………………7
16. Согласност за намена на обезбедени средства за изработка на урбанистички планови за населени места во рурални средини: с.Јакреново, с.Норово, с.Борино, с.Алданци, с.Врбоец, с.Светот Митрани, с.Пресил и с.Саждево ………………………………………7
17.Заклучок за усвојување на кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година …………………… 7
18. Заклучок за давање согласност на дополнувањето на годишниот план за вработување на Општина Крушево за 2018 година ……………………………………………. 7

Редакциски одбор на Општина Крушево.